**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**



# СТУДИЈА

*за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово*

декември, 2019 година

## Вовед

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) ја изготви оваа студија за да утврди дали постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за локално радио на подрачјето на општина Куманово, како од аспект на исполнувањето на целта на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), така и од аспект на потребите на публиката.

На 21.10.2019 година, лицето Драги Митевски од Куманово до АВМУ достави „Барање дозвола за отворање на радио" (наш бр. 08-493), со кое бара Агенцијата да издаде дозвола за локално радио во Куманово кое ќе емитува доминантно македонска народна музика.

За да обезбеди информација дали на подрачјето на Куманово има слободни фреквенции за емитување радиопрограма, на 22.10.2019 година АВМУ со писмен допис се обрати до Агенцијата за електронски комуникации, која на 01.11.2019 година не извести дека врз основа на техничката анализа и мерењата извршени во сервисната зона Куманово, постојат слободни фреквенции, и тоа со следните параметри:

- Локација на предавател: Стари Лозја;
- Ефективна израчена моќност: 200 W;
- Фреквенција: 87.5 MHz.

Врз основа на податоците од АЕК, а имајќи го предвид членот 70 од ЗАВМУ, според кој доколку согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека има слободни радиофреквенции Агенцијата ќе изработи студија со која ќе ја утврди оправданоста за објавување јавен конкурс, АВМУ во декември ја изработи оваа студија во која се претставени податоците за постојната понуда на радиосодржини кои ги емитуваат локалните радиостаници во Куманово, нивните економски перформанси во последните три години, податоците за слушаноста, како и податоците за потенцијалот на пазарот, односно потенцијалната публика и потенцијалните огласувачи на ова подрачје.

## *Постојна понуда*

Радиопрограма на подрачјето на општина Куманово емитуваат четири локални радиостаници, и тоа:

- Трговско радио-дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово,
- Трговско радиодифузно друштво РАДИОБРАВО ДООЕЛ Куманово,
- Трговско радиодифузно друштво РАДИО БУМ ДООЕЛ Куманово и
- Трговско радиодифузно друштво РАДИО ЈЕХОНА ФМ ДООЕЛ Куманово.

Радиостаниците Аљбана и Бум се *музички-говорни радија од општ формат,* што значи дека емитуваната музика е од различни музички жанрови и ниту еден од нив не е застапен со повеќе од 70% во вкупно емитуваната музика во текот на една седмица.

Радиостаницата Браво е *говорно радио од општ формат*, односно застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции, при што ниту една од нив не е застапена со повеќе од 50% во говорниот дел од програмата во текот на една седмица.

Радиостаницата Јехона ФМ е *говорно-музичко радио со претежно информативен општ формат,* што значи дека говорните содржини од програмата исполнуваат претежно информативна функција која не е застапена со помалку од 50%, ниту со повеќе од 65% во говорниот дел од програмата во текот на една седмица.

**Структура на планираната неделна програма**

| Структура | Времетраење | | | |
|---|---|---|---|---|
| | РА Аљбана | РА Браво | РА Бум | РА Јехона |
| Говорен дел | 17:00:00 | 40:30:00 | 15:00:00 | 27:00:00 |
| Музика | 135:00:00 | 112:30:00 | 138:00:00 | 126:00:00 |
| Други програмски сегменти | 16:00:00 | 15:00:00 | 15:00:00 | 15:00:00 |

Говорниот дел од програмскиот сервис, РА Аљбана и РА Јехона ФМ го емитуваат на албански јазик, РА Браво на македонски јазик, а РА Бум на македонски и на српски јазик.

Во текот на една недела РА Браво емитува говорни содржини во траење од 40 часа и 30 минути. Кај оваа радиостаница, најзастапена од програмите коишто исполнуваат информативна функција е информативно-забавната програма (15 часа неделно). Од говорните содржини со образовна функција, радиостаницата во текот на една недела емитува најмногу образовно-забавна програма (три часа), а од содржините со забавна функција емитува најмногу забавна говорна шоу програма (десет часа неделно).

РА Јехона ФМ емитува 27 часа говорни содржини во текот на неделата. Од програмите со информативна функција најмногу се емитуваат актуелно-информативната програма и информативно-забавната програма, а од програмите со образовна функција - образовно-забавната програма (секоја од овие се емитува во времетраење од по три часа неделно). Од програмите со забавна функција, подеднакво застапени се забавно-информативната и забавната говорна шоу програма (по два часа во неделата).

**Структура на говорниот дел од планираната неделна програма**

| Видови програма | | Времетраење по вид програма (часови и минути) | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | РА Аљбана | РА Браво | РА Бум | РА Јехона |
| Информативна функција | Вести/ТВ дневници | 01:30:00 | 04:00:00 | 03:00:00 | 02:00:00 |
| | Актуелно-информативна програма | | | 01:00:00 | 03:00:00 |
| | Актуелно-информативна програма со документаристички пристап | | | | 02:30:00 |
| | Актуелно-информативна говорна шоу програма | 02:00:00 | | | 02:00:00 |
| | Преноси или снимки од седници на органите на власта | | | | |
| | Преноси или снимки од општествено-политички настани | | | | |
| | Информативни магазини | | | | 02:00:00 |
| | Специјализирани информативни емисии | | | | |
| | Информативно-забавна програма | 02:00:00 | 15:00:00 | 00:30:00 | 03:00:00 |
| | Инфо-сервис | | | 01:00:00 | |
| | Информативна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки | | 01:00:00 | 00:30:00 | |
| | Друга информативна програма | 00:30:00 | | 00:30:00 | 02:30:00 |
| Образовна функција | Образовна програма | 02:00:00 | 01:00:00 | 00:30:00 | 02:00:00 |
| | Образовно-забавна програма | 01:00:00 | 03:00:00 | 00:30:00 | 03:00:00 |
| | Образовно-забавна програма за физичка култура и рекреација | | | | |
| | Документарна програма | 01:00:00 | 01:00:00 | 00:30:00 | |
| | Документарно-забавна програма | | | | |
| | Образовна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки | | | 00:30:00 | |
| | Документарна програма со религиозна тематика | | | | |
| | Друга образовна програма | | | | |
| Забавна функција | Забавно-информативна | 05:00:00 | 03:30:00 | 04:00:00 | 02:00:00 |
| | Забавна говорна шоу програма | | 10:00:00 | 00:30:00 | 02:00:00 |
| | Забавно-образовна програма | 01:00:00 | | 00:30:00 | 01:00:00 |
| | Забавно-документарна програма | | | | |
| | Програми со хороскоп/тарот/јасновидци или толкување соништа | | | | |
| | Спортска програма (пренос или снимка од спортски натпревари или настани и спортски магазини) | 01:00:00 | 02:00:00 | 00:30:00 | |
| | Радио драма (серии, серијали, хумор и сатира) | | | | |
| | Музичка програма (музичко-говорни програмски целини, снимки и преноси од концерти, музички фестивали, опера и слично, музички спотови, музичка реалистична програма) | | | 00:30:00 | |
| | Игри (натпревари со ниска продукциска вредност, натпревари со висока продукциска вредност, квизови, игри на среќа и наградни игри) | | | | |
| | Друга забавна програма | | | 00:30:00 | |
| Вкупно | | **17:00:00** | **40:30:00** | **15:00:00** | **27:00:00** |

Говорни содржини РА Аљбана емитува 17 часа неделно. Од програмите со информативна функција подеднакво се застапени актуелно-информативната говорна шоу програма и информативно-забавната програма (по два часа неделно). Во времетраење од по еден час неделно, оваа радиостаница емитува образовно-забавна и документарна програма,

програми кои исполнуваат образовна функција. Додека, пак, од говорните содржини со забавна функција, најзастапена на програмата на овој радиодифузер е забавно-информативната програма (пет часа неделно).

Во структурата на говорните содржини коишто се емитуваат на програмскиот сервис на РА Бум - вкупно 15 часа во текот на една недела - вестите, односно тв дневниците се најемитувана програма со информативна функција (три часа неделно). Од говорните содржини со образовна функција подеднакво време се емитуваат образовна, образовно-забавна, документарна и образовна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки (секоја со по половина час во текот на една седмица). Најзастапена од програмите со забавна функција е забавно-информативната, за која РА Бум издвојува четири часа неделно.

Најмногу музика во текот на една седмица емитува РА Бум – вкупно 138 часа. Од нив, 5% е народна, а 95% е популарна (забавна) музика. Најзастапен жанр од популарната музика е поп музиката (45%).

Од вкупно 135 часа неделно музичка програма на програмскиот сервис на РА Аљбана, 65% се народна, а 35% се забавна. Кај народната музика доминира традиционалната (25%), а кај забавната – поп музиката (30%).

**Структура на планираната музика (неделно)**

| Вид | Жанр | Времетраење (%) | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | РА Аљбана | РА Браво | РА Бум | РА Јехона |
| Народна | Традиционална | 25% | | 3% | 10% |
| | Етно/World music | 20% | | | 5% |
| | Новосоздадена народна музика | 20% | | 2% | 40% |
| | ***Вкупна народна музика*** | ***65%*** | | ***5%*** | ***55%*** |
| Популарна (забавна) | Поп | 30% | 45% | 45% | 25% |
| | Џез | | 2% | 5% | 2% |
| | Блуз | | 5% | 3% | 2% |
| | Рок/Рок енд рол | | 38% | 40% | 5% |
| | Електронска музика/техно | 5% | 10% | 2% | 9% |
| | ***Вкупна забавна музика*** | ***35%*** | ***100%*** | ***95%*** | ***43%*** |
| Класична | | | | | 1% |
| Духовна | | | | | 1% |
| | **Вкупна музика** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

РА Јехона ФМ неделно емитува 126 часа музика, од кои 55% се народна, 43% се забавна и по 1% се класична и духовна музика. Најзастапена од народната е новосоздадената народна (40%), а од забавната поп музиката (25%).

Целокупната музика (112 часа и 30 минути) која РА Браво ја емитува во текот на неделата е забавна, а најзастапен жанр е поп музиката (45%).

Според јазикот, најголем дел од емитуваната музика на РА Аљбана и на РА Јехона ФМ е на албански јазик, на РА Браво на англиски јазик, а на РА Бум на српски јазик.

**Структура на музиката по јазик**

| Јазик | Процент | | | |
|---|---|---|---|---|
| | РА Аљбана | РА Браво | РА Бум | РА Јехона |
| Македонски | | 40% | 20% | |
| Албански | 90% | | | 62% |
| Српски | | | 70% | |
| Турски | 5% | | | 5% |
| Ромски | | | | |
| Влашки | | | | |
| Бошњачки | | | | |
| Хрватски | | | 10% | |
| Словенечки | | | | |
| Англиски | 5% | 49% | | 20% |
| Француски | | 2% | | |
| Шпански | | 2% | | |
| Португалски | | 1% | | |
| Други јазици | | 6% | | 13% |
| **Вкупно** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

## Економско работење на постојните радиостаници

Приходите коишто во 2018 година заедно ги оствариле четирите радиостаници изнесувале 2,24 милиони денари. Во споредба со претходната година, тие се намалиле за 10,04%.

Во последните три години, локалните радиостаници во Куманово највисоки приходи оствариле во 2017 година, а најниски во 2016 година, кога на подрачјето на оваа општина програма емитуваа три радиостаници, и тоа: РА Аљбана, РА Браво и РА Бум. Дозволата за радиоемитување на РА Јехона ФМ[1] и беше доделена во јануари 2017 година.

**Вкупни приходи во последните три години**




Од 2016 до 2018 година, во континуитет највисоки приходи остварувала РА Бум, а најниски РА Аљбана.

**Вкупни приходи по радиостаници**




Во 2016 и 2017 година, единствен извор на приходи за РА Аљбана била продажбата на времето за рекламирање, додека во 2018 година оваа радиостаница од реклами остварила 40% од вкупните приходи (60% биле останати приходи).

[1] Одлука за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, говорно-музичко радио со претежно информативен општ формат, на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово (УП1 бр. 08-20 од 17.01.2017 година)

**Учество на приходите од реклами во вкупните приходи**

| | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| РА Аљбана | 100% | 100% | 40% |
| РА Браво | 59.49% | 68.18% | 63.16% |
| РА Бум | 100% | 72.22% | 83.23% |
| РА Јехона ФМ | / | 70% | 37.50% |

За радиостаниците Браво и Бум рекламирањето било главен извор на приход во секоја од последните три години. РА Јехона ФМ во 2017 година од рекламирање остварила 70%, а во 2018 година остварила двојно помалку, односно 37,5% од вкупните приходи (останатите биле вонредни приходи).

**Приходи од реклами**




Во 2016 година, позитивен финансиски резулатат прикажале РА Аљбана и РА Бум, а во 2017 и 2018 година само РА Јехона ФМ (станува збор за незначителни износи од околу 100,00 и 400,00 денари). РА Браво сите три години работела со загуба. На сликата подолу се претставени податоците за финансискиот резултат на секоја радиостаница поодделно.

**Финансиски резултат од работењето**



## *Податоци за слушаноста на радиостаниците*

Според истражувањата за слушаноста на радиостаниците, кои по нарачка на Агенцијата квартално ги спроведува истражувачката агенција Маркет Вижн, во 2017, 2018 и во првите три квартали од 2019 година, најслушана од овие четири радиостаници била РА Бум. Во последната година, највисок просечен дневен досег оваа радиостаница имала во вториот квартал (7,26%). Додека најмалку слушани во првиот квартал од 2019 година биле РА Аљбана и РА Јехона ФМ, во вториот квартал РА Браво и РА Јехона, а во третиот квартал РА Браво.

**Просечен дневен досег**




Што се однесува до просечниот неделен досег, кој претставува однос помеѓу популацијата што ја слушала радиостаницата подолго од една минута во било кој период од претходната недела и популацијата на територијата на којашто зрачи радиостаницата, највисок просечен неделен досег во сите три години имала РА Бум.

**Просечен неделен досег**



## *Потенцијална публика*

Вкупниот број на жители во општина Куманово на 31.12.2018 година изнесувал 109.573 лица (податоците се преземени од Државниот завод за статистика), од кои 50,38% (55.199 жители) биле мажи, а 49,62% (54.374 жители) биле жени. Гледано по старосни групи од по пет години, најбројно било населението од 30 до 34 години (8.643 жители) и од 35 до 39 години (8.526 жители).

**Структура на населението по возраст**




Според пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 2002 година (не постојат понови податоци за етничката припадност), 63.746 биле Македонци, 27.290 биле Албанци, 9.062 Срби, 4.256 Роми, 292 Турци, 147 Власи, 20 Бошњаци и 671 лице биле од друга етничка припадност.

**Структура на населението според етничка припадност**



## *Потенцијални огласувачи*

Во 2018 година, вкупниот број на активни деловни субјекти на подрачјето на општина Куманово изнесувал 3.002. Од нив, најбројни биле микро субјектите, т.е. претпријатијата кај кои во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето биле исполнети следните два критериуми: просечниот број на вработени, врз основа на часовите на работа, бил до 10 работници и бруто приходот што го остварил субјектот од кој било извор не надминувал 50.000 евра во денарска противвредност.

**Број на активни деловни субјекти**

| | микро | мали | средни | големи |
|---|---|---|---|---|
| 2018 | 2.123 | 844 | 24 | 11 |
| 2017 | 2.145 | 823 | 25 | 11 |
| 2016 | 2.175 | 820 | 23 | 10 |

Од општините во Македонија, повеќе активни деловни субјекти отколку во Куманово имало само во четири други општини, и тоа во: Тетово (вкупно 3.595 субјекти), Битола (вкупно 3.888 субјекти), Карпош (вкупно 4.110 субјекти) и Центар (7.221 субјекти).

## *Заклучоци*

На подрачјето на општина Куманово радиопрограма емитуваат четири локални радиостаници, од кои две на албански јазик (РА Аљбана и РА Јехона ФМ), една на македонски јазик (РА Браво) и една на македонски и на српски јазик (РА Бум). Две од нив се музичко-говорни радија од општ формат (РА Аљбана и РА Бум), едно е говорно радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции (РА Браво), а едно е говорно-музичко радио со претежно информативен општ формат (РА Јехона).

Во „Барањето за дозвола за отворање на радио" е наведено дека подносителот има намера да емитува доминантно македонска народна музика.

На ова подрачје нема ниту една радиостаница што емитува македонска народна музика. Единствената радиостаница што емитува на македонски јазик (РА Браво) емитува само популарна (забавна) музика. РА Аљбана и РА Јехона емитуваат музика претежно на албански јазик (90%, односно 62%), а 70% од музиката што ја емитува РА Бум е на српски јазик (ова радио емитува само 5% народна музика).

Од друга страна, станува збор за подрачје во коешто, споредено со другите општини во Македонија, и вкупниот број на населението (потенцијалната публика) и вкупниот број на активни деловни субјекти (потенцијалните огласувачи) се поголеми.

**Оттука, заклучокот што произлегува од оваа Студија е дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на подрачјето на општина Куманово, и тоа музичко-говорно радио на македонски јазик, од специјализиран формат, кај кое народната музика е застапена со најмалку 70% во вкупно емитуваната музика во текот на една седмица.**